Инфо гласило на Црвен крст на град Скопје

# НОВА ДИМЕНЗИЈА

општествено хуман магазин

мај 2011




- Етиката во дејствувањето на Црвениот крст
- Интервју со Градимир Чаневски – најстариот активист во Црвениот крст
- Зошто 115 е супер бројка?
- Децата заслужуваат топол дом и семејна љубов
- Вашиот прилог, значајна помош! Одбележана Неделата на солидарност

# Центар за едукација и рекреација



# СОЛФЕРИНО

## ВО СОРАБОТКА СО ПРИРОДАТА

Ул. „Партизанска“ 6330 Струга

046/ 781-733 (Струга),
02/ 3139-578 (Скопје)

solferino@redcross.org.mk
skopje@redcross.org.mk

НОВА ДИМЕНЗИЈА



# СОДРЖИНА


Етиката во дејствувањето на Црвениот крст 3
Интервју со Градимир Чаневски – најстариот активист во Црвениот крст 6
Рак на бели дробови 9
Крводарителска акција по повод роденденот на Ре-Медика 9
115 мали ЦКА-ПХВ проекти - огледало на трудот на волонтерите 10
Зошто 115 е супер бројка 10
Шри Ланка 11
Проект за Млади машки лидери (ЛПММ) 12
Активности во рамки на дејностите на Црвен крст на град Скопје 14
Децата заслужуваат топол дом и семејна љубов 19
Интервју со Марија Димовска – волонтер во Клуб на млади на ЦКС 20
Мали, но значајни нешта... 21
Подобра енергетска ефикасност 22
Соработката на Гешталт институтот Скопје и Црвениот крст на град Скопје 23



НОВА ДИМЕНЗИЈА

**За весникот:** Сузана Тунева Пауновска, Секретар на Црвен крст на град Скопје
**Уредник:** Ели Јосифовска
**Зам. уредник:** Марина Матеска
**Редакција:** Тодорка Јаневска
Александра Валкановска
Д-р Реџеп Лусијани
Ивана Маринчек
Илина Глигоровска
Марија Савиќ
Катерина Јанковска
**Тех. уредување:** Владимир Хаџи Пулевски

Тираж: 1000 примероци
Црвен крст на Град Скопје
Ул. „11 Октомври" бр. 42а
Дом на хуманитарни организации „Даре Џамбаз" – Скопје
Тел./факс: 023139578
e-mail: skopje@redcross.org.mk; info@redcross.org.mk


# Воведник

*Овој број , драги наши читатели, му го посветивме на волонтеризмот.*

*Се чини дека го заборавивме неговото вистинско значење. Во модерниот свет и желбата за создавање што повеќе материјални добра, можеби волонтеризмот и не постои.*

*Се прашувам колкумина од Вас би се согласиле да ги заложат своите умствени и физички способности во полза на Општеството, се разбира правејќи го тоа без никаква лична парична корист?*

*Доколку денес, во текот на денот,ве побараат да се приклучите кон доброволна и хумана активност, дали ќе се согласите веднаш?*

*Ве предизвикувам да размислите на оваа тема. Информирајте се за дејствувањето на оние луѓе во светот, кои ја почувствувале силата на волонтерското работење. Ќе разберете зошто постојат Организации и поединци, кои се посветиле на желбата да помогнат.*

*Пронајдете се себе си, прелистувајќи ги страниците пред Вас и решете која идеа Ви се допадна. Можеби ќе ви бидеме инспирација за нови чекори во иднина. И кога сите луѓе на овој свет, би посветиле мал дел од своето време во полза на решавање на само еден проблем во својата околина, многу е веројатно дека проблеми повеќе нема да има.*

*Во чест на сите сегашни и идни волонтери!*

*Срдечно Ваша*
*Нова Димензија*

# ЕТИКАТА ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

*„Човекот го прави голем и малечок неговата волја”*

**Фридрих Шилер**

Црвениот Крст е една од оние најзначајни современи организации кои застапуваат големи етички принципи. Кога пред столетие и пол се зароди идејата за создавање на Црвениот Крст, тоа означи почеток на нова ера во човечкото однесување, кое ги поврзува добрите намери и дела со универзалните човечки цели. Денес има повеќе такви светски сојузи, како што се Обединетите Нации, за заштита на светскиот мир, со своите гранки УНИЦЕФ, наменета за добро на децата, ФАО, за помош за храна, УНЕСКО, за унапредување на образованието, културата, науката и информирањето, а исто и Светската здравствена организација, за чување на човечкото здравје, Меѓународниот олимписки комитет, за развој на спортот и за интернационална соработка на спортско поле, итн. И помеѓу ваквите сојузи со етички намени се истакнува моралната цел и функција на Црвениот Крст.

Станува збор за нагласување на една страна на човечката суштина, како основа за етиката. Човекот со чувствата доживува и реагира на дразбите, со умот размислува за проблемите и ги решава (со разумот мерејќи ги причините и последиците, со мудроста паметејќи ги најдобрите решенија и следејќи ги), а со волјата се насочува кон извршување на определбата. Сите три човечки својства се значајни за човечкото однесување, визии, дејства и сите три се вградени во битието на Црвениот Крст, како болно чувствување на човечките страдања (емпатија), како размисла за правилно постапување и за вклучување во човечката диоптрија на сите аспекти на современото живеење и за давање помош на страдалниците, и како определба за меѓусебна солидарност и за непрестајно помагање.

Во концепцијата за Црвениот Крст ги оценуваме како најважни аспектите на волјата. Волјата е способност на човекот да се концентрира и да ја вложи својата енергија за реализирање на намерата. Од волјата зависи остварувањето на замислите и целите, таа го насочува дејствувањето, инсистира да се пристапи кон реализирањето, бара да се издржи во активноста и да се доведе до крај зацртаното. Волјата е способност за донесување цврсти решенија, со која се совладуваат сите пречки. Таквиот морален стремеж ги совладува нагоните, значи самоконтрола, кревање до позицијата суштествено да се влијае врз однесувањето за високи хумани цели.

Волјата може да биде извор за волонтеризам, кога се потенцира слободата секој да постапува онака како што сака. Филозофските концепции укажуваат дека човекот има ваква сила, дека тоа е негова суштина, но етичките учења и практика посочуваат дека копнежот по самоволно постапување може да раѓа негативни дејства, неморални последици. Слободната волја треба да биде основа за автономијата на личноста како избор помеѓу две или повеќе можности, од кои секоја има свои вредности и може да биде посакувана, а личноста слободно да донесува решение. Но може да има зловолност, дејствување со лошо настроение, без желба за добро дело. Тоа е израз на грдата (зла) волја, како својство на оној кој има лоши намери или не може да се натера да прави добро.

Спротивното е база за совршените дејства на Црвениот Крст. Основното за етиката е добрата волја, која ја означува личноста со добри намери и со постојано својство на љубов за луѓето и за етиката. Таквите луѓе со добра волја го градат единствениот свет на добрината. Исто така, доброволноста е дејствување со согласност, со своја намера, без притисок, насочено кон добрите цели. Ова е волонтерството, кое во современиот свет се развива во сите сфери, а својот најзначаен израз добива во правењето добро за сите луѓе, посебно во активноста на Црвениот Крст.

Волонтерството, со кое се одликува работата на Црвениот Крст, е насочено кон афирмирање на неговите хумани цели за помагање на луѓето, за развивање на солидарноста, за унапредување на човечкиот дух на заедништво, за искористување на сите ресурси за подобрување на сознанијата, положбата и здравјето на сите. Црвениот Крст е значајна точка на изградбата на Универзалната етика на човештвото, со кое се поврзуваат сите добри вредности од сите епохи, сите народи, големи мислители и од добротворите во единствена целина која би станала морален систем за сите. Исто така, Црвениот Крст ја потенцира и развива основната современа етичка теорија за грижата како благонаклонето човеково однесување кон светот, настаните, процесите, појавите и личностите (поради карактеристиките на грижата, во која човечката свест и волја се насочени кон правењето добрина, оваа етика популарно се нарекува “женска етика”).

Како заклучок за оваа куса анализа на етичката структура и аспекти на Црвениот Крст, посочуваме дека Црвениот Крст е институција која не притиска за да се прави нешто замислено како норма, туку кој и во кој неговите активисти-волонтери го прават она што мора да биде направено. Затоа тоа ним не им е тешко, а улогата и угледот на Црвениот Крст постојано растат, онака како што за човештвото е нужно да се соочи со тешките ситуации и проблеми и да го даде најдоброто за да бидат решени. Во Црвениот Крст нема разлика помеѓу идеите и дејствувањето, зборовите и делата, ветувањата и исполнувањето. Затоа тој е прворкласна етичка институција.

Пишува, Д-р Кирил Темков

Интервју со Градимир Чаневски




# НАЈСТАРИОТ АКТИВИСТ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

**РОДЕН 1930 ГОД. ВО ТРСТЕНИК - СРБИЈА**
**ПОТЕКНУВА ОД СИРОМАШНО СЕМЕЈСТВО, КОЕ СЕ СОСТОИ ОД 9 ЧЛЕНА**
**ДЕНЕС, ВЕЌЕ 20 ГОДИНИ ВО ПЕНЗИЈА, ДР. ЧАНЕВСКИ ВЕЛИ: ИМАВ ПРЕКРАСНИ РОДИТЕЛИ, КОИ НЕ ВОСПИТУВАЛЕ ДА БИДЕМЕ ДОБРИ ВО ЖИВОТОТ И ДА ПОМАГАМЕ НА ЛУЃЕТО. ТОЈ АМАНЕТ МИ ОСТАНА ДО ДЕНЕС ....**

**Поминале многу години од Вашите волонтерски почетоци. Колку се свежи сеќавањата на првата активност?**

Мојата прва активност започна во 1951г.,како ученик во државното училиште за забари. Ми се чини беше недела на борба против забниот кариес. По иницијатива на градската организација на Црвениот крст, формиравме екипи кои вршеа систематски прегледи на забите во сите училишта во Скопје. Таа активност продолжи во Општина Петровец,1958 г., во чии рамки беа 28 села. Требаше да дејствуваме и во областа на здравствено просветување, па за таа цел прикажувавме филмови. Кино апаратурата ја обезбедуваше градската организација на Црвениот крст. Активностите во селата продолжија и во следните години, со тоа што ги посетувавме домаќинствата и укажувавме за спроведување на општа и лична хигиена, а присутни бевме и за време на поплавата и земјотресот.

**Вашата определба да бидете лекар, во многу активности секако претставувала предност. Колку тоа ве охрабруваше и во моментите кога треба да се дејствува самоиницијативно и укаже помош?**

Такви примери навистина има многу и одлично се секавам на нив. Можам да кажам дека и понатаму ми се случуваат.

Во 1966г. вонредно го завршив Стоматолошкиот факултет. Во 1970 г. беше извршена интеграција на амбулантно-поликлиничките установи во еден Здравствен дом на Скопје, при што бев назначен за Управник на стоматолошка заштита (служба). Бидејќи со работа и живеење дојдов во Скопје,моите активности продолжија во Црвениот крст„Центар".

Имав еден случај , кога требаше да се укаже итна помош на повреден во тепачка. Случајно, преку прозорецот на станот, во кој живеев со моето семејство,видов, како на улицата лежи неподвижен човек. Веднаш истрчав и гледам лежи војник со повреди на главата. Ниту еден човек немаше до него. Сите се разбегале. Што да правам, нема време за чекање. Веднаш го земав санитетското возило и го префрлив во Воената болница. Се покажа дека тепачката била под дејство на алкохол, што уште еднаш го потврди правилото - пијанството не е само опасно по здравјето, туку доведува и до трагедија.

Можеби тоа имаше еден удел и во моите подоцнежни заложби да се занимавам со обуки на разни теми. Со два мандата како член на Извршниот одбор на Црвениот крст, најмногу бев ангажиран за обука на возачи за давање прва помош. За време на одржувањето на наставата, посебно внимание посветив на слушателите, кои се обучуваа за поединни повреди и состојби, кои можат да доведат до трагични последици: крварења, бесвесна состојба, тешки изгоретини и смрзнатини, труење со издувни гасови и сл. Бидејќи во Скопје имавме лошо





искуство со труење од издувни гасови во затворени гаражи, каде млади луѓе ги загубија животите, се трудев преку примери тоа да им го укажам.

**Значењето на хуманата мисија на Црвениот крст, со вашата долгогодишна активност, ја пренесовте и дома, во семејството,на вашите деца. Колку и тие ја применија силата на волонтеризмот и несебичното помагање?**

Мислам дека успеав во тоа. Обуките,што беа дел од моите активности во Црвениот крст, понекогаш и несакајќи се пренесуваа дома. Почитта кон она што е добро и вистински вредно, се трудев и да им ја покажам, да не остане само на зборови.

Една недела со синот се враќавме од Маркова Сушица за Скопје. Пред мостот што води за Драчево, се случи сообраќајна несреќа на две возила. Еден повреден беше исфрлен надвор од возилото, со тешки повреди на нозете и рацете. Во такви случаи и мислата и искуството те упатуваат на иницијатива да помогнеш. Син ми притрча прв и се снајде онака како што тоа би го направил и поискусен активист. Во колоната со автомобили се најде и едно празно комбе. Возачот постапи хумано и се понуди да го префрли повредениот во болница. Му помогнавме и на вториот повреден, а син ми повторно постапи според правилата што ги налага првата помош во случаи на несреќа и мобилизација на повредени лица.

Можеби тоа ќе значи дека сум успеал во мојата мисија како активист, но секако ќе значи дека сум помогнал во создавањето на добри и примерни младинци.

**Велат времето на пензионирање е време за одмор. Но за вас тоа како да не важи. Покрај волонтерските активности,наоѓате време и за вашето хоби.**

Секако. Кога подобро ќе размислам, тоа како да стана дел од мојот живот. Резбата на икони е мојата страст, а особено сум горд што моите дела ги поседуваат многу колекционери на резба, како и видни Институции.

Сепак, за мене, еден од најдобрите начини да уживам во моето време е планинарењето. Секогаш кога ќе ми се укаже можност, се радувам на престојот во природа.

**Прославивте 60 години активност во Црвениот крст и посветеност кон волонтеризмот. Што би им порачале на младите денес?**

Да бидат хумани. Давајте секому помош, без разлика на националност. Воспитувајте ги вашите деца да бидат добри ученици, да ја одбегнуваат дрогата,пушењето, алкохолот - се она што му штети на здравјето. Размислувајте за утрешнината, креирајќи здрава средина за живеење денес.

РЕ МЕДИКА
прва приватна општа болница

# Ре-Медика се грижи за Вашето здравје




## Гинекологија и акушерство



* Стерилитет
  - Комплетен третман на машка и женска неплодност
  - Оперативна гинеколошка лапароскопија и хистероскопија
  - Гинеколошко онколошки операции

## Ин витро фертилизација



* 350 новороденчиња

## Неонатологија и педијатрија



* Педијатриска амбуланта
* Педијатриска кардиологија
* Педијатриска ревматологија

## Хирургија



* Ласерска хирургија
* Општа хирургија
* Абдоминална хирургија
* Лапороскопска хирургија
* Тораковаскуларна хирургија
  - хирургија на дојка
  - хирургија на штитна жлезда
* Ортопедска хирургија
* Урологија
* Пластична и естетска хирургија
* ОРЛ
* Детска хирургија

## Анестезија и интензивна нега



## Физикална терапија



## Дијагностика



* Ортопедија
* Ендоскопија
* Интерна медицина
* Кардиологија
* Невропсихијатрија
* Радиологија
* Кожна амбуланта

## Општа и трудова медицина prima med



* Систематски прегледи за вработени
* Менаџерски систематски прегледи
* Претходни здравствени прегледи
* Редовни периодични прегледи

## Биохемиска лабораторија



Телефон: (02) 2603 100 www.remedika.com.mk Факс: (02) 2603 103

# Рак на бели дробови




**Ракот на белите дробови е една од најчестите причини за смрт од малигноми кај мажите, а се почесто и кај жените, како резултат на пушењето и современиот начин на живот.**

Кај кои состојби лекарите треба да размислуваат дека можеби зад тие симптоми се крие и рак на белите дробови? При секоја пролонгирана кашлица која не поминува по спроведен адекватен третман, кај бронхопнеумонии кои не се санираат после правилно одредена терапија,при искашлување на крвав или сукрвичав искашлок. Како подоцнежни симптоми се јавуваат малаксалост, слабеење и болки во градниот кош. Кај бронхогениот карцином рани симптоми не постојат или се многу некарактерис- тични. Затоа претходно спомнатите симптоми треба да се сфатат сериозно. За поставување правилна дијагноза се прави бронхоскопија, со која се визуелизира бронхијалното стебло, а може да се земе и биопсија во колку се воочат некои сомнителни промени. Таа денес се изведува рутински со флексибилни инструменти со примена на локална или кратка општа анестезија. За да се одреди стадиумот, во колку се докаже рак на белите дробови, треба да се направи комјутеризирана томографија на граден кош со интравенски контраст и други испитувања.

Терапевтскиот хируршки пристап, подразбира отстранување на анатомска целина на белиот дроб. Денес, при постоење на големи тумори, се почесто се применува таканаречена неоадјувантна терапија, т.е. предоперативно се даваат цитостатици, поретко зрачење, а откако ќе се намали туморската маса се оди на оперативно лекување, адекватно индицирано и изведено од компетентен торакален хирург. После операцијата се даваат цитостатици или зрачење или се применува нивна комбинација.Лекувањето е комплексно и мачно за пациентот. Затоа,уште еднаш да нагласиме - мораме соодветно да ги испитуваме сите рани симптоми и со тоа да ги откриваме случаите со белодробен карцином во рана фаза, кога адекватниот современ третман може да доведе до излекување на пациентот и со тоа да се добие битката со ракот на белите дробови.

Проф.Др.Андреја Арсовски



# КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА ПО ПОВОД РОДЕНДЕНОТ НА РЕМЕДИКА

По повод својот 6-ти роденден на 07 Април 2011, ПЗУ Ре-Медика иницираше крводарителска акција која се реализираше во соработка со Црвениот крст на Р. Македонија во трговскиот центар СП Планет во Ѓорче Петров. На акцијата крв даруваа и вработените на ПЗУ Ре-Медика и беа собрани вкупно 23 единици крв.

## Имплементирањето на ЦКА-ПХВ во училиштата во град Скопје доживеа огромен успех



Ако успехот подразбира да се биде посветен, тогаш успехот кој се достигна преку заедничката соработка помеѓу Црвениот крст на град Скопје и општина Центар во имплементирањето на ЦКА-ПХВ проектот во основните училишта во општина Центар, подразбира несебична посветеност од страна на учениците и нивните одговорни наставници.

После еднодневните работилници, во дво месечниот период доделен за изработка на малите проекти,учениците интензивно ја посетуваа ЦКА-ПХВ канцеларијата за консултации. Овие консултации заедно со посветеноста, ентузијазмот и хуманоста на учениците, помножени со 7 (колку вкупно училишта се вклучени во примената на проектот во Општина Центар) значеа помош за три самохрани мајки, облека за децата без родители, книги за децата од центарот за рехабилитација, парична помош за операција на наставничка која боледува од рак, пакети со храна за неколку ромски семејства . . .

На 19ти април ЦКА-ПХВ колегиумот ја направи селекцијата. Од вкупно 18 пристигнати проекти, 30 ученици и нивните 7 одговорни наставници ќе бидат дел од ПХВ финалната работилница, која ке се одржи на крајот на месец Мај во центарот Солферино во Струга. Таму ќе бидат присутни уште 15 учесници и 5 одговорни наставници од уште 6 училишта во град Скопје во кои ЦКА-ПХВ проектот се имлементираше со поддршка на Меѓународниот Комитет на Црвен Крст.

ЦКА-ПХВ тимот е особено горд на успехот од овие соработки и успехот на малите проекти на учениците од сите вклучени училишта, и се надева дека ваквите соработки ќе бележат и понатамошни успеси.

# 115 мали ЦКА-ПХВ проекти - огледало на трудот на волонтерите

Вкупно 115 мали проекти пристигнаа на адреса на ЦКА-ПХВ канцеларијата оваа година, со што 2011 во циклусот на ЦКА-ПХВ се означи како рекордна по бројот на изработени мали проекти од страна на волонтерите.

Викендот од 24-27 март, ЦКА-ПХВ колегиумот во центарот Солферино ги вреднуваше сите 115 проекти и на големо воодушевување и гордост на тимот вкупно 63 проекти се вреднуваа со фаза 5 (успешна реализација со силен ефект и долга акција), од кои 16 добија сонценце за особено благородниот ефект. Од остантите прокети 43 се оценија со фаза 4 (успешна реализација), а само 9 со фаза 3 (документиран обид за реализација). Додека со фаза 2 (документирана идеја) не беше оценет ниту еден проект.

| Фаза | 5 | 4 | 3 | 2 | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на проекти | 63 | 43 | 9 | 0 | 115 |

На оваа подготвилтена работилница беше направена и слекција на 100 младинци и 14 дисеминатори кои ќе бидат поканети да земат свое активно учество во реализацијата на финалните работилници во месец мај и јуни.
www.skopje-redcross.org.mk




## Зошто 115 е супер бројка?

Одговорот на ова прашање води директно во ЦКА-ПХВ канцеларијата. Така, 115 не е супер бројка затоа што добро звучи, туку затоа што го означува рекордниот број на мали проекти кои пристигнаа во ЦКА-ПХВ канцеларијата за циклусот 2010/2011, како резултат на националното спроведување на оваа програма во 33 ООЦК и ЦК на град Скопје. Малку подалеку од оваа бројка, овие проекти значат хумани гестови, асоцираат на младински активизам, повикуваат на потребата за општествена одговорност и по се инспирираат да се следи примерот на млади луѓе кои несебично помагаат.

Малите ЦКА-ПХВ проекти во себе носат посебна топлина, посебни впечатоци, вистинска благодароност од оние кои ја примија помошта на младинците и гордост на младинците кои успеаја да помогнат на 115 целни групи. Во овие целни групи за циклусот 2010/2011 се вброија млади деца болни од леукемија, деца на кои им е потребна рехабилитација, млади со ментален хендикеп, луѓе кои го изгубиле видот, семејства чии домови се опожарени, деца и цели семејства кои живеат во екстремно лоши услови, самохрани мајки, жртви на семејно насилство ... За потребите на целните групи младинците покренаа иницијативи, собираа донации, организираа хуманитарни забави и концерти, организираа часови за описменување, изработуваа маски од глина, накит, честитки, печатеа книги, се со цел да помогнат за бенифитот на заедницата. Амбициите на младинците од ООЦК и желбата да се помогне за некои смејства значеше нова постелнина, нов мебел, купатило во домот, нов кров, прибор за јадење, за некоја мајка надеж за своето дете болно од леукемија, за некои деца значеше нов под и бели ѕидови ...

Креативноста на младите никогаш не престанува, а потребата за помош е секогаш потребна. Малите ЦКА-ПХВ проекти потсетија и овој пат колку може да направиме едни за други. На крајот, 115 е огледало на длабоки воздишки, позитивна енергија и вчудоневидување за тоа што се младите можат да направат.



# Шри Ланка

***Во текот на втората половина на месец ноември и почетокот на декември, двајца ЦКА-ПХВ инструктори беа на посета на Националното Друштво на Црвениот крст на Шри Ланка. Целта на нивната посета беше помош при имплементирањето на ЦКА-ПХВ проектот, прилагодување на програмата на културата и поднебјето на Шри Ланка, како и креирање на план на активности за понатамошна негова примена.***

Првите чекори на оваа соработка беа направени уште во месец август, кога еден делегат на Германскиот Црвен крст со мисија во Шри Ланка, го посети нашето Национално Друштво токму со цел да се запознае подобро со ЦКА-ПХВ проектот. После направените презентации за програмата,методологијата и резултатите на овој проект и состаноците со ЦКА-ПХВ инструкторите и раководството на ЦК на град Скопје и на Македонија, се иницираше идејна соработка на ова поле во Шри Ланка.

Примената на проектот Промоција на Хумани Вредности (ПХВ) во Шри Ланка се одвива на тој начин што програмата се приспособува на локалните социјални и културни потреби, како и на локалните волонтерски активности.Се придвижуваат голем број прашања, како што се зголемување на бројот на млади волонтери во Црвениот крст, промоција на хуманитарни активности во рамките на ранливите заедници, дисеминација, промовирање на активизмот и култура на дијалог меѓу младите луѓе од различно етничко потекло,како и зајакнување на позицијата на Црвениот крст во земјата.

Нашите инструкторите имаа средби и разговори со менаџментот на Националното Друштво на Шри Ланка за понатамошното развивање и потребата од ваков проект. Изготвените материјали за обука и планот на активност, како формат за работа со млади беше прифатен со голем ентузијазам.

Моментално ПХВ програмата во Шри Ланка се применува во три области Батикалоа, Анурадапура и Тринкомале и понатаму со спроведување и поддршка на Германскиот Црвен крст и Црвениот крст на Шри Ланка.

# Збор два за Шри Ланка



***Шри Ланка, позната исто така и по името Цеилон, е остров, земја со 20 милиони население во која живеат луѓе од различна национална и религиозна основа и тоа Сингалези кои се од будистичка вера, Тамили со Хинду и католичка вера и Моори кои се со исламска вероисповест. Населението воглавно се занимава со производство и извоз на земјоделски производи и тоа: чај, кафе, кокос и цимет.***

***Шри Ланка има тропска клима, со раскошна убавина и карактеристични видови на флора и фауна, со 1000 километри плажа и многу корални острови, но поради историјата на конфликтите, туризмот во истата не е многу развиен.***

***Во оваа земја, која 26 години,до Мај 2009-та, била во внатрешен конфликт и земја, погодена од Цунами, на Црвениот Крст се гледа како на неопходна Институција.Неговата улога до скоро била менаџирање со помошта и донациите кои стигнуваат од другите национални друштва.***

***Сепак, бидејќи земјата полека се враќа во нормалата, менаџментот на ЦК во Шри Ланка гледа голема потреба за реализација на програми кои се во доменот на ЦКА-ПХВ за задржување на волонтерите и зацврстување на улогата на Црвениот Крст кај населението.***




# Проект за Млади машки лидери (ЛПММ)

Организацијата на Мировниот Корпус и неговите волонтери работат во Македонија 15 години и согласно начинот на работа, секој волонтер престојува 2 години во Македонија. Проектот за Млади машки лидери ЛПММ е реализиран во соработка со волонтерите на Мировен Корпус, Црвениот крст на град Скопје и ИМКА. ЛПММ е програма која работи на развој на младите да станат успешни лидери во нивните училишта, локалните заедници и државата.

Мировниот Корпус, Црвен крст и ИМКА работат како партнери веќе две години и за реализација на заедничките активности ангажираат инструктори од САД, Велика Британија и Македонија кои третираат различни аспекти на цивилното општество.

Првата фаза на Проектот за Млади машки лидери е Менторска програма во заедницата, каде волонтерите на Мировниот Корпус во Македонија, во улога на ментори, се запознаваат со млади момчиња, ентузијасти од Македонија и преку заеднички средби се подготвуваат за кампувањето.

Втората фаза е реализација на Летен камп кој се состои од осумдневна тимска работа и развој на лидерски способности кај 85 млади момчиња, средношколци. Летниот камп се состои од сесии во областа на цивилното општество, личниот развој, зачувување на околината и социјалната одговорност. Момчињата се вклучени и во спортски активнсти и активности за учење на разни вештини кои овозможуваат развој на тимски и лидерски способности, креативност и меѓусебна соработка .

Финалната фаза на Проектот започнува кога учесниците се враќаат дома после кампот. Тие се состануваат и дискутираат за тоа што научиле, разменуваат искуства и даваат придонес во заедницата во која живеат. Придонесот може да биде од мали размери или пак да претставува проект со кои се помага на повеќе целни групи. Идејата е младите да почуствуваат дека се дел од заедницата во која живеат и дека можат да направат позитивни промени во истата.

Во текот на годините, во ЛПММ поминале многу успешни млади момчиња. Во продолжение е една изјава од младинец кој бил дел од ЛПММ во 2010.

> ***„ЛПММ беше едно многу важно случување во мојот живот. Навистина сум многу среќен што бев дел од проектот кој ми помогна да пораснам за многу кратко време и на многу позитивен начин. Националниот камп за лидерство беше можност за рушење на стереотипите кој луѓето, млади или стари, кои ги имаат спрема различни етнички групи. На кампот увидов дека овие стереотипи не се ништо друго освен зборови кои се пренесуваат од генерација на генерација. Ваквите зборови немаат никакво значење во мојот живот во 21от век. Благодарение на кампот, јас и моите пријатели ги срушивме овие стереотипи. Се надевам дека овој камп ќе живее уште многу години и искрено препорачувам на секој да биде дел од него„***
>
> **Валтрим, кампер, Тетово (2010 ЛПММ, Маврово).**



## Вест Кент ИМКА како дел од Проектот за Млади машки лидери

# Кампување под ведро небо за поддршка на бездомниците

На почетокот на Јули американската христијанска ацоцијација, Вест Кент ИМКА ќе донесе група на 6 млади луѓе бездомници од Рајдер Хаус, која претставува наша куќа за поддршка во местото Тунбриџ Велс, Вест Кент, да помагаат на нашите Македонски партнери од Црвен крст на град Скопје, Мировниот Корпус и ИМКА Битола во реализација на Лидерскиот камп за млади момчиња македонци.

Нашата задача, заедно со ИМКА од Битола во рамки на партнерството претставува организирање на камп под ведро небо, каде секој учесник ќе може да го доживее, можеби за прв пат, како изгледа спиење и јадење под отворено небо. Нашата поддршка се состои од: подигање на камп, палење на оган, ориентација, стрелаштво, како и други активнсти каде претставените одговорности за менаџирање на овие активности се познати како И- Камп.

Младите бездомници кои ги поддржуваме од куќата за поддршка Рајдер Хаус, во која членуваат и жени и мажи, имаат во просек 19 години. Низ нивното живеење тие минувале низ најразлични проблеми, како развод на родителите, запуштеност, злоставување, злоупотреба на дрога и алкохол, како и тешки психички состојби. Нашата цел е да им овозможиме сигурен и топол дом, каде тие ќе можат да ги задоволат своите потреби и да изградат подобра иднина за себе. И - Камп е еден од начините за помош преку кој бездомните лица ќе можат да се здобијат со лични способности, самодоверба и независност. Тешко е да се објасни како минатогодишното патување влијаеше на сите. Младите од Рајдер Хаус брзо се адаптираа на она што за нив беше необична средина, и работеа ефективно како тим, покажувајќи лидерски и менторски способности за кои не беа свесни дека ги имаат. Долу наведените коментари можеби повеќе ќе можат да објаснат што за нив значеше ова патување и какво влијание имаше врз нивниот живот.

***„Пред да дојдам во Македонија не зборував со никого, дури ни во Рајдер Хаус – кога си заминував јас бев камп лидер и гласноговорник!„***

***„Патувањето во Македонија беше необично, емоционално искуство кое ме натера да размислам за изборот кој го правам во мојот живот. Ми даде вистински пресврт во погледот кон светот и ме натера да ги согледам можностите кои ги имам дома„***

***ИМКА претсавува христијанската асоцијација за млади момчиња, како и светска организација со повеќе од 45 милиони членови од 125 национални друштва, здружени преку Светс- ката Алијанса на ИМКА. Основана е во Лондон на 6 - ти Јуни 1844 год. од страна на Г-дин Џорџ Вилијамс, чија цел е Христијанските принципи да се стават во пракса преку помош на младите луѓе да го развијат здравиот дух и тело. Денес ИМКА е обединета мрежа на локални и национални волонтерски организации. Движењето е отворено за сите, независно од верата, социјалната положба, годините и полот.***

# АКТИВНОСТИ НА ТИМОВИТЕ НА ЕОК НА ЦКРМ НА ПРОСЛАВАТА НА ВОДИЦИ



***Тимовите на ЕОК на ЦКРМ и оваа година традиционално се грижеа за одржување на безбедноста на учесниците во централната манифестација за прослава на верскиот празник Водици.***
***ЕОК во активностите ги вклучи тимовите за: спасување на вода, спасување на планина, логистика, вода и санитација, како и медицинскиот тим, сите со лична колективна опрема. Благодарение на сериозниот и стручен однос на членовите на ЕОК, сите 160 учесници во манифестацијата беа безбедно извлечени од водите на Вардар, по што на повредените и премрзнатите им беше укажана неопходната прва помош.***

## ПЛАНИНСКИТЕ СПАСИТЕЛИ СО УСПЕШНА ПОКАЗНА ВЕЖБА НА ПОПОВА ШАПКА



Успешна показна вежба за спасување на лица од жичарница на почетокот на оваа година на падините на Попова Шапка, спроведоа планинските спасители на Црвениот крст на град Скопје. Вежбата која следи по потпишаниот Меморандум за соработка меѓу Црвениот крст на град Скопје и ЈСП Скопје, и апликацијата на спасителската единица за обезбедување на жичарницата на Водно, ја следеше Генералниот директор на ова јавно претпријатие. На самиот крај сите присутни со големо задоволство ја констатираа подготвеноста и обученоста на спасителите.

## ПРИФАТИЛИШТЕТО ЗА БЕЗДОМНИЦИ ЗГРИЖИ 8 БЕЗДОМНИ ЛИЦА

Прифатилиштето за бездомници при Црвениот крст на град Скопје, започна да ја остварува намената за која и беше создадено на крајот на минатата година. Во моментов во него се сместени 8 бездомни лица, од кои дел заради претходни оперативни зафати, дел заради гангрена на долните екстремитетите, а останатите од премрзнатост. Сите тие тука ги добиваат потребните лекови, хигиенски услуги, храна, облека и др.

Прифатилиштето функционира во рамките на Пунктот за бездомници на Црвениот крст.

## РАБОТИЛНИЦИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ФРАНЦУСКАТА АМБАСАДА

5 работилници за дејствување при природни катастрофи во изминатиов период спроведоа Црвениот крст на град Скопје во соработка со Француската амбасада во РМ.Десетте члена на заедничкиот тим, на работилниците, преку сценарија за справување со последиците од евентуални земјотреси, поплави и пожари, се запозна со стандардните оперативни процедури на ЦКРМ за дејствување при природни катастрофи, но и со дополнителни начини за подготвеност и дејствување во случај на истите.

Во тек е подготовка на сценарио за заедничка симулативна вежба.

## Планинските спасители на Водно го оправдаа своето постоење



Спасителната станица на Црвениот крст на град Скопје на Водно, секој викенд им помага на повредените љубители на планината. Во изминатиот период истата им укажа прва помош на 30 повредени лица, од кои повеќето беа со скршеници на екстремитетите. По укажаната помош лицата беа транспортирани до најблиските здравствени установи.

## Хуманитарна помош за 8 скопски опожарени семејства



**Црвениот крст на град Скопје на 8 опожарени семејства им додели хуманитарна помош во душеци, ќебиња, кујнски прибори, хигиенски пакети и облека. Видно возбудени, тие изразија неизмерна благодарност за брзото дејствување и доделената хуманитарна помош.**



## ПОДГОТОВКИ НА ЕКИПАТА ЗА ПРВА ПОМОШ ЗА БАЛКАНСКИОТ НАТПРЕВАР

Започнаа подготовките на екипата за Прва помош на Црвениот крст на град Скопје за натпреварот по Прва помош на главните градови на земјите од Југоисточна Европа. На натпреварот кој ќе се одржи во Букурешт, Романија, ќе учествува екипата која минатата година го освои второто место на државниот натпревар по Прва помош.
Се надеваме на продолжување на успешната традиција.

## „ИАКО СУМ МАЛ, И ЈАС ЗНАМ ПРВА ПОМОШ"



Завршија подготовките за проектот „Иако сум мал, и јас знам Прва помош", проект организиран од страна на Црвениот крст на град Скопје со поддршка на Кореа Ауто Трејд (ХУНДАИ). Целта на овој проект е едукација на децата од предучилишна возраст, како и на воспитниот кадар од градинките за значењето и основните принципи на давањето на Прва Помош. Во таа насока планирани се едукации во 10 градинки во Скопје и тоа на деца на возраст од 5-6 години како и едукации на наставниот кадар, кој работи со нив. За целите на проектот изготвена е боенка на тема Прва помош и изработен е материјал од кој децата ќе можат да изработат хартиени макети на возило на Црвен крст. На тој начин, преку игра, видео материјал и слики докторите предавачи ќе им ја приближат Првата помош на децата. Ќе им бидат дадени и конкретни примери на различни ситуации, кои би можеле да се случат во нивно опкружување, а каде од голема корист би била и нивната помош. За наставниот кадар ќе биде организиран семинар.Таму ќе се здобијат со знаења по прва помош, кои ќе можат да ги пренесуваат на дечињата во градинката каде работат. Како завршен дел од овој проект е планирана заедничка претстава во која ќе учествуваат децата од градинките.

## МОЕТО СРЦЕ ВО СИТЕ БОИ!

Во месец април започна и проектот Моето срце во сите бои. Целта на овој проект е психосоцијална поддршка на деца со вродени срцево садови заболувања на возраст од 6 до 14 години и на нивните родители. Планирано е да се организира седумдневен камп за децата и нивните родители,со учество на волонтери од Црвениот крст. На кампот со децата и родителите ќе работи тим составен од психолози и социјални работници, а целта е семејствата да имаат подобар приод кон своите деца со срцеви маани. Пред одржување на кампот ќе бидат организирани подготвителни средби со децата и нивните родители, а за волонтерите на Црвен крст ќе биде организирана работилница на која тие ќе бидат обучени за работа со оваа целна група. За целите на проектот испечатен е и Прирачник за родители и наставници, како и боенка на тема Моето срце во сите бои. Проектот е финансиски поддржан од "Кореа Ауто Трејд", а се реализира во партнерство со Кардиохирургија Филип Втори.

### Кампања „Првата помош спасува живот"

## 320 ПРИПАДНИЦИ НА СВР-СКОПЈЕ ДОБИЈА ОБУКА ЗА ПРВА ПОМОШ НА РАБОТНО МЕСТО

Црвениот крст на град Скопје на почетокот на оваа година започна кампања за подигнување на свеста за значењето на Првата помош во секојдневниот живот, сообраќајот и работните места. За таа цел во периодот од јануари до април беа организирани повеќе активности, меѓу кои: обуки за Прва помош на работно место за 320 припадници на СВР-Скопје, медиумски настапи, предавања во училиштата, делење на флаери на граѓаните со јасна порака „Првата помош спасува живот".

# 125 ГРАЃАНИ ДАРУВАА КРВ ПО ПОВОД РОДЕНДЕНОТ НА ТОШЕ ПРОЕСКИ

***Црвениот крст на град Скопје во соработка со „Тоше фан-клуб форум“ на 25 јануари спроведоа успешна крводарителска акција по повод роденденот на Тоше Проески. Во акцијата која се одржа во Домот на АРМ, граѓаните својата хуманост ја покажаа со дарување на 125 единици крв.***



## ОДБЕЛЕЖАН НА 17 МАРТ - ДЕНОТ НА ЦКРМ И ДЕНОТ НА КРВОДАРИТЕЛИТЕ ВО РМ

Клубот на крводарители при Црвениот крст на град Скопје со низа активности се вклучи во одбележувањето на 17 март, Денот на крводатителите во Република Македонија.

Покрај бројните гостувања во печатените и електронските медиуми, неговите членови потпомогнати од Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје и Клуб 25 пред Спомен куќата на Мајка Тереза поделија 1000 флаери со информации за доброволното дарување на крв.



„Заштити се од предрасуди!“

## ОДБЕЛЕЖАН 1 ДЕКЕМВРИ- СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ ХИВ СИДА

Со истакнување на ризиците и опасностите од ХИВ/СИДА кај младите, оваа година Црвениот крст на град Скопје во соработка со ООЦК на територијата на главниот град и Високиот комесаријат за бегалци во РМ (УНХЦР) се вклучија во одбележувањето на Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА. На централната манифестација која се одржа на ул. Македонија, минувачите имаа можност преку промотивни материјали, награден квиз и сложувалка да се запознаат со оваа болест, а најдобро инфомираните и да добијат награди. Покрај тоа можеше да се види и пантомимичарска изведба со посебна кореографија адаптирана на оваа тема.

Претходно обучени тренери и едукатори реализираа едукативни работилници за членовите на Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје, и младите кои го посетуваат Центарот за интеграција на барателите на азил во Шуто Оризари.



## СЕМИНАР ЗА МОТИВАТОРИ ВО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ЗА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ ВО РМ

Црвен крст на град Скопје во соработка со ЦКРМ од 8 до 10 април организираше Семинар за обука на мотиватори во крводарителството од албанска, ромска и турска националност.

Со овој семинар идните организатори и промотори ќе имаат за цел промовирање и унапредување на крводарителството во своите средини.



**Осмомартовско цвеќе за жените-пациентки на скопските клиники**

## ОДБЕЛЕЖАНА НЕДЕЛАТА ЗА БОРБА ПРОТИВ РАКОТ (1-8.3)

Црвениот крст на град Скопје во соработка со здружението „Животна искра" со низа активности се вклучи во одбележувањето на неделата за борба против ракот. Традиционално на 7 март, во пресрет на празникот на жената, тие ги посетија пациентките од унивезитетските клиники за Тораковаскуларна хирургија, Дигестивна хирургија, Онкологија и радиологија. Желбите за истрајност во борбата со ракот тие ги дополнија со пригодни подароци и оригами цвеќиња изработени од волонтерите од Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје.

Во рамките на оваа недела на трибината по повод 18 години од постоењето на здружението „Животна искра", Црвениот крст на град Скопје доби плакета како благодарност за поддршката на нивните проекти и активности.





## КЛУБОТ НА МЛАДИ СО МАГИЈА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА ВО КАПИШТЕЦ

Децата од Центарот за церебрална парализа во Капиштец уживаа во посетата на волонтерите од Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје. При посетата на дечињата им беа поделени 25 пакетчиња, кои произлегоа од успешната акција „Купете производ плус" на Клубот на млади и ТЦ „Рамстор." Пријатната атмосфера беше дополнета со присуството на магионичарот Кристијан, кој донесе многу среќа и искрени насмевки на детските лица, кои се обидуваа да ја откријат и научат неговата магија. Во периодот кој следува Клубот на млади планира слични посети со цел да го разубави тешкото секојдневие на овие деца.

## ОДБЕЛЕЖАН 3 ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје со креативна работилница во дневниот центар „Порака" се вклучи во одбележувањето на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со посебни потреби.

Во пријатна атмосфера и со позитивна енергија волонтерите на Клубот заедно со лицата кои го посетуваат центарот изработија новогодишни честитки.



# ХУМАНИТАРЕН КОНЦЕРТ „ЉУБОВНИ НОТИ 3”



Со хуманитарниот концерт „Љубовни ноти 3”, Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје и годинава го одбележа денот на вљубените.

На концертот кој се одржа во салата на Факултетот за музичка уметност, со познати дела се претставија учениците и вработените во ДМБУЦ „Илија Николовски- Луј”, како и студентите од истиот факултет. При тоа покрај уживањето во музика присутните имаа можност преку купување на рачно изработени срциња, свеќи и украси да донираат пари за децата од основното училиште „Алија Авдовиќ” од село Елово.

# МЛАДИТЕ ГО УЧАТ ЈАЗИКОТ НА ГЛУВОНЕМИТЕ

Црвениот крст на град Скопје од 17 јануари започна обука за изучување на јазикот на глувомените за волонтерите од Клубот на млади и ООЦК на територијата на главниот град. Цел на обуката е да се подигне културата и општествената одговорност кај младите за оваа категорија на граѓани, преку понатамошна соработка и реализација на заеднички проекти и активности.

Се очекува обуката да се одвива во следните три-четири месеци во просториите на Црвениот крст на град Скопје од страна на дипломираниот психолог, Сонај Билал.

# 8 МАРТ ВО ШЕЛТЕР-ЦЕНТРИТЕ ЗА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Со пригодна донација Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје им го честитаа 8 Март, празникот на жената, на штитеничките на двата Шелтер-центри за жени жртви на семејно насилство.

Со овој чин младите им подарија љубов и топлина на овие жени кои заслужуваат особено внимание.

*„Новогодишна волшебна елка на желби 2”*

# ЦРВЕНИОТ КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ ГИ ОСТВАРИ НОВОГОДИШНИТЕ ЖЕЛБИ НА 65 ДЕЦА ОД ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

Црвениот крст на град Скопје во соработка со ТЦ „Рамстор” и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Скопје ја спроведоа акцијата „Новогодишна волшебна елка на желби” за 65 деца сместени во згрижувачки семејства на територијата на главниот град.
Во акцијата која се одржа втора година по ред, хуманите граѓани во периодот од 11 до 27 јануари имаа можност да ја посетат волшебната елка на желби во ТЦ „Рамстор” и да остварат некоја од детските желби. На крајот на акцијата во пресрет на Новата Година, период кога секое дете копнее за остварување на неговите желби, децата ги добија посакуваните подароци.

# „Бидете победник за Вашето срце- СПОРТУВАЈТЕ”

Црвениот крст на град Скопје во соработка со Специјалистичката болница за хируршки болести „Филип Втори” и оваа година учествуваше во одбележувањето на неделата за борба против срцево-садовите заболувања.

Промовирајќи го здравјето како приоритет на секоја млада личност, во одбележувањето се вклучи и Клубот на млади при Црвениот крст на град Скопје, со креативна работилница со пилатес вежби за млади, дополнета со едукативно предавање за здравиот начин на живот преку спортување со наслов „Бидете победник за Вашето срце- СПОРТУВАЈТЕ”.

Меѓу останатите активности беа и бесплатните прегледи за младите со кардиоваскуларни заболувања од Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост „Порака”, посетите на лица со извршени оперативни зафати во болницата „Филип Втори”, како и печатењето и дистрибуцијата на брошури и материјали за потребите на оваа кампања.



# Децата заслужуваат топол дом и семејна љубов



## „ПОЧУВСТВУВАВ ПОТРЕБА ДА СЕ ГРИЖАМ ЗА НЕКОГО, БИДЕЈЌИ НЕ БЕВ НАВИКНАТА НА ТИШИНАТА ВО МОЈАТА КУЌА"

*Пишува, Илина Глигоровска*

Семејството Синан како згрижувачко семејство повеќе од пет години се грижат, трите девојчиња Рабије, Назлије и Фатиме да имаат топол дом, родители и семејна атмосфера за нивниот развој и нормален живот кој го заслужуваат.

Ѓулсебат и Ѓулбас Синан живеат во Топаана заедно со својот син Исак и трите згрижени ќерки Фатиме Асан, од Битола и двете сестри Алитови Рабија и Назлија од Шутка. Семејството Синан, кои се од ромска националност, досега имаат израснато две свои деца ќерката Суада и синот Суад кои живеат и работат во странство. Потребата и желбата да станат згрижувачко семејство се појавила откако нивната куќа останала празна по заминувањето на нивните деца.„Навистина почувствував потреба да се грижам за некого, бидејќи не бев навикната на тишината во мојата куќа" - вели мајката Ѓулсебат. Инспирацијата дојде откако гледав една емисија на Македонската телевизија, каде претставничка од министерството за труд и социјална политика зборуваше за можноста и за благородноста на овој чекор на кој ретко кое семејство се нафаќа да го направи„ - дообјасни мајката.

Еден обичен ден поминува навистина динамично за семејството Синан. Таткото Ѓулбас е тој кој се грижи за децата во утринските часови, ги носи на училиште, а потоа заминува на работа – продажба на стари работи . Ѓулсебат понатаму пак ги обавува куќните обврски и им помага на децата при учењето. Рабије и Исак одат во училиште, Рабије, е со умерена менатална ретардација и оди во специјалното училиште „Иднина", Фатиме сеуште е мала за на училиште, а Назлија има тешка ментална ретардација и е комплетно несвесна за околината и за себе.„ Помошта кон другите и оние беспомошните, односно грижата за децата ни е всадено во нашите верувања и начин на размислување" - вели мајката на децата која несебично се жртвува сите овие години, децата кои се дел од нејзиното семејство да ги имаат сите неопходни и потребни услови за живот, раст и развој.

Како еден од поубавите моменти кои Ѓулсебат ги истакна и на кој децата навистина се радуваа се подароците од елката на желби за децата од згрижувачките семејства кои Црвен крст на град Скопје ја организира секоја година во ТЦ. Рамстор. Акција која внесе радост и моменти на среќа во празничните денови на семејството.

Моментално во Македонија има 93 згрижувачки семејства во кои се згрижени 153 деца на возраст од 3-26 години. Во најголем број згрижените деца се без родителска грижа, каде во последниве години во рамки на реализирање на процесот на деинституционализација со ова форма на заштита се опфатени поголем број на деца со посебни потреби. Во улога на згрижувачки семејства можат да се јават сите семејства кои исполнуваат со Закон определени услови. При изборот на семејство за вршење згрижувачка функција, Центарот се раководи од повеќе критериуми во однос на згрижувачите: нивната возраст, образовен статус, брачен и семеен статус, каде етичките прашања и мотивите за чување и одгледување на дете се важни прашања каде се поставуваат на згрижувачките семејства.







Интервју со Марија Димовска – волонтер во Клубот на млади на Црвен крст на град Скопје

# Волонтерството - одлична алатка за личен развој на волонтерите и заедницата
# Еден од најдобрите начини да му покажеш на светот дека некој мисли на него и се стреми да го направи подобро место за живеење

**Која беше твојот прв контакт со Црвениот крст и на кој начин започна активно да волонтираш во оваа хуманитарна организација?**

Пред да се приклучам на оваа организација, односно да станам волонтер во Клубот на млади во Црвен Крст на град Скопје, познавав пријатели кои веќе беа дел од неа. Постојано од нив слушав за различните акции на кои тие присуствувале и начинот на кој тие придонеле за нешто да сменат кон подобро. Хуманоста и емоциите ме поттикнаа да дојдам и јас во Црвениот Крст и да направам нешто корисно, не само за другите, туку и за самата себе. Присуствував на еден од состаноците на оваа организација, ми се допадна начинот на работата која ја извршуваат, решив дека сакам да помогнам и со самото тоа јас веќе бев дел од сето она што се случува во него. Имам четиринаесет години и сум осмо одделение во О.У. Лазо Ангеловски. Обожувам да спортувам и танцувам, а можам да ги издвојам пливањето и хип-хоп танцот. Покрај сите овие лични активности, кои навистина го исполнуваат моето слободно време, јас сепак наоѓам време да бидам дел од редовните активности на Црвен крст и да учествувам во помошта на оние на кои навистина им е неопходна.

**Како млад и активен волонтер на Црвениот крст, во кои акции имаш учествувано до сега ? Дали може да ни пренесеш дел од твоето искуство и лично доживување од теренските активности?**

Помогнав на децата кои боледуваат од церебрална парализа преку правење накит и честитки, ги поддржав жените од клиниката за канцерогени заболувања, преку подарување цвет и порака при што им го честитавме празникот на жената 8-ми Март.Се приклучив кон акцијата "Волшебна елка" чија цел беше подарување на новогодишни пакетчиња и исполнување на нивните новогодишни желби. Бев дел и од хуманитарниот концерт на Црвениот Крст на град Скопје„Љубовни ноти" кој традиционално се одржува секоја година, при што се собраа средства и се помогна на децата од с. Елово. Бројот на акции постојано го зголемувам и преку нив ќе се обидам да сменам некои нешта на подобро. Се разбира секогаш заедно сме посилни и здружено можеме да создадеме поголеми нешта. Затоа е важна тимската работа и заедничкото дејствување.

**Што за тебе претставува Црвениот крст и хуманоста?**

Организација преку која луѓето можат да ја покажат својата хуманост и добрина која верувам дека сите ја поседуваат. Ова е еден од најдобрите начини да му покажеш на светот дека некој мисли и се стреми да го направи подобро место за живот. Луѓето на кои им треба помош, потребно е да знаат дека во секој момент волонтерите од Црвениот Крст се тука да помогнат. Покрај хуманоста и добрината која ја даваме, тука се создаваат и нови пријателства и контакти, кои ја прават атмосферата посреќна и весела. Во оваа организација можеш да направиш да се чувствуваш исполнето и да знаеш да го вреднуваш повеќе тоа што го поседуваш, бидејќи со помошта која ја даваш, си помагаш и на самиот себе. Иако можеби не приметуваш, сепак тоа означува уште едно добро направено дело.

---------------

*2011 е прогласена за година на волонтерството, согласно Меѓународната федерација на ЦК и ЦП и европската унија. Во таа чест ги поздравуваме сите волонтери кои во своето дејствување се залагаат да бидат дел од големото хуманитарно семејство и да направат чекор понапред во создавањето на светот во подобро и похумано место за живеење...*

*Во чест на хуманите човекови вредности на сите досегашни, сегашни и идни волонтери...*



# ПОДОБРА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

Климатските промени и одржливата енергија се сметаат за клучни во поглед на зависноста на Македонија од увезени горива и во поглед на предвиденото искористување на домашните резерви на јаглен.

Една од сферите каде треба да се дејствува е и градежниот сектор кој претставува 39 проценти од секупната енергетска потрошувачка. Јавните објекти и станбениот сектор се одговорни за 69 проценти од потрошувачката на електична енергија и 40 проценти од произведената топлинска енергија или севкупно- 71 процент од емисиите на јаглероден двооксид во државата.

На национално ниво, децентрализацијата која е се уште во тек во Република Македонија, во првата фаза им пренесе бројни обврски на единиците на локалната самоуправа. Еден од најголемите проблеми со кои што се соочуваат општините е управувањето со сопствената потрошувачка на енергија.

За многу домаќинства во Македонија, месечните трошоци за енергија, претставуваат највисока ставка во семејниот буџет. Нема никакви индикации дека цената на енергенсите во иднина ќе опаѓа, туку напротив – само ќе расте. Мерките за енергетски заштеди, енергетската ефикасност како и обновливите извори на енергија пртставуваат најсоодветна алатка во борбата против енерегетската сиромаштија и климатските промени. Секој од нас може да продонесе кон таа борба.

Во оваа насока, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) има долгогодишна одлична соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, првично преку подготвување на клучните стратегии и извештаи за климатските промени. Тековниот проект за подобрување на енергетската ефикасност во јавните објекти претставува продолжение на веќе воспоставената динамика на патрнерско спроведување на проекти и активности. Проектот цели кон воспоставување на услови за намалување на потрошувачката на енергија од јавните објекти и подобрување на комодитетот во нив.

За повеќе информации, посетете го првиот веб портал во Македонија за енергетска ефикасност http://eeportal.mk




# ВАШИОТ ПРИЛОГ ЗНАЧАЈНА ПОМОШ!

**Одбележана неделата на солидарност (11 -17 април)**

Собирање на средства за помош на старите лица и лицата со хендикеп од рурални средини беше главната годинешна активност на младите волонтери во Неделата на солидарност. Граѓаните имаа можност да се информираат и да дадат придонес на повеќе начини и тоа преку:
- акцијата „Од куќа до куќа" во чии рамки младите ги посетуваа домовите на граѓаните;
- поставени штандови во супермаркетите на Веро, Тинекс и Рамстор;
- посета на вработени во компаниите Студио Модерна, Промес и Рафинерија Окта.

Акцијата во Окта, организирана од страна на Основната организација на Црвен крст при Рафинерија Окта, каде членуваат голем број на вработени, беше пример за добра организираност и солидарност. Имено, сите вработени беа повикани да се откажат еден ден од својот оброк кој го добиваат во мензата, а парите да се пренаменат за купување на храна за старите лица.Одзивот на вработените ги надмина очекувањата со учеството на 535 лица кои донираа по 100 денари.

Во рамките на целата акција, беа вклучени сите општински организации на територија на гр.Скопје,а од собраните средства беа подготвени семејни пакети.

# МАЛИ , НО ЗНАЧАЈНИ НЕШТА...



**СОНЧОГЛЕДОТ** е едногодишна билка, која може да достигне висина и до четири метри. Зрелиот сончоглед може да содржи до половина килограм семки. Се смета дека Мексико е татковина на сончогледот. Уште од најраната историја на човештвото, семките на оваа билка се сметаат за еден од најважните и најдобрите продукти. Индијанците од Северна, Средна и Јужна Америка од сите видови на семки најверќе го ценеле сончогледот. Со почетокот на 20 век, започнува одгледувањето на сончогледот и во останатите Европски земји. Денес е познат како култура на сончевите и суви предели. Од вкупното производство на сите масла за јадење, на сончогледовото му припаѓаат 90-95%. Денес се познати многу сорти на сончоглед. Ситно црни семки го довеат високо квалитетното масло, а крупните сивкасто - црни семки со бели линии служат за јадење. Семките на сончогледот (100 гр.) содржат 25 мг. белки, 42 мг. масти, 21 мг. јаглехидрати и 4 мг. растителни влакна. Енергетската вредност изнесува 2450 кЈ (585 кцал). Содржи витамин А, витамин од групата Б, витамин Е, а од минералите содржи калиум, фосфот, железо и натриум. Со својата повеќекратна примена, семките на сончогледот се неспоредливи. Идеален е додаток во кујната и печивата, поради убавиот вкус и тоа што остануваат подолго свежи. Се препорачува како додаток во појадокот со свежо овошје, така што, покрај вкусот, го осигурува и биолошката вредност на дневниот оброк.

**Лековити својства** Според денешните испитувања, познато е дека семките на сончогледот го спречува зголемувањето на холестеролот во крвта. За време на бременоста го обезбедува организмот со незаситени масни киселини, кои се исклучително важни за развојот на плодот. Ја подобрува работата на штитните жлезди и нормалната функција на кожата, црниот дроб и бубрезите. Големо значење има и витаминот Е кој се наоѓа во маслото на сончогледот, а помага и во заштитата од создавање на згрутчувања во крвните садови. Исто така, семките на сончогледот имаат и антиоксидационо дејство.

Важно е да се истакне дека лецитинот кој се наоѓа во семките на сончогледот, служи како природна заштита на срцевите крвни садови и зголемен холестерол.

При подготовка на салатите, најдобро е да се користи ладно цедено сончогледово масло Кај така подготвеното масло не се намалува незаситените масни киселини (65%), што инаку се прави при производство со топол технолошки процес.

**ЛЕНЕНОТО СЕМЕ** е едно од најголемите извори на омега 3 масни киселини, има антиканцерогено својство, на природен начин ја разредува крвта и превентивно делува на појавата на кардиоваскуларни заболувања, високиот холестерол и триглицериди, мозочен удар, тромбоза, псоријаза, артритис, против камења во бубрези и жолчка. Најширока примена има како додаток во лебот и печивата од интегрални житарици.

**Лековити својства** на лененото семе: делува како лаксатив, за искашлување, против тврда столица, го помага лечењето на асма и хронично кашлање.

## СУСАМ

Сусамот е исклучително богат со калциум и железо. Се користат семките од растението, кои се со бледо жолта боја. Покрај бел, постои и кафеав и црн сусам.

**Лековити својства на сусамот:**
Ако ви недостасува калциум, може да потопите една кафена лажица сусам во 0,5 дцл јогурт кој ќе отстои цела ноќ, а потоа наутро да се испие.

## ПЧЕНИЦА

Пченицата денес е најважна житарка, бидејќи најмногу се користи во производството на леб, печива и останатите производи од брашно. Потекло има од југозападна Азија.
Она што пченицата ја става на прв план се нејзините биолошки и пекарски својства. Иако некои од житарките по својата нутритивна вредност се над пченицата, таа се издигнува со сите предности кога станува збор за нејзиното користење при изработка на леб и бели пецива. Целото зрно пченица содржи 70,7% јаглени хидрати, 10,2% белковини, околу 2% масти, 1,7% минерали, витамини Б,Е,Д,К и провитамин А (од сите видови житарки го има само во пченицата). Од минералите содржи фосфор (50%), калиум (20-30%), потоа железо, магнезиум и калциум. Посебна вредност имаат и пченичниот скроб и пченичнине р,клуци.

**Лековити својства на пченицата:** Го јакне имунитетот, поттикнува раст и развој на организмот, делува против исцрпеност и нерасположение, лечи исип на кожата, лишаи и воспаленија, делува против воспаление на грлото и против кашлица, се употребува и против труење во организмот, превенира срцеви-восадови заболувања, а го спречува и прераното стареење.

## СЕМКИ ОД ТИКВА

Семките се богати со многу витамини и минерали. Содржат висок процент на белковини кои во некои видови достигнуваат дури 31%, а исто така содржат и есенцијални аминокиселини застапени во одличен баланс. Исто така имаат поголем процент на железо од самиот плод. Само еден грст од семките од тиква ги задоволуваат половина од потребите на просечна личност за аминокиселини, а може да се заклучи дека количината на аминокиселини е поголема во семките. Исто така тие се одличен извор на многу минерали и витамини, посебно цинк и железо кои во семките се застапени три пати повеќе отколку во месото. Семките од тиква се одлични во превентивата од болести на мочниот меур и простатата, а токму поради високата концентрација на есенцијални масни киселини превенираат од инфаркт. Содржат и висока количина на витамин Е и селен, кои се антиоксиданси и не чуваат од разни воспаленија во организмот. Во семките од тиква се содржани и протеаза инхибитори кои го спречуваат активирањето на вирусите и бактериите во цревата. Добро исушеното семе од тикви може да се консумира и сирово. Благодарение на есенцијалните масни киселини, семките од тиква ја чистат крвта, а добри се и во превенција на болести на коските.



## СОРАБОТКАТА НА ГЕШТАЛТ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ И ЦРВЕНИОТ КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ ТЕЧЕ И СЕ РАЗВИВА ПРЕКУ

# Психолошко Советувалиште на Гешталт Институт Скопје во рамките на Црвениот Крст на град Скопје и Пунктот за бездомници Момин поток

**Гешталт Институт Скопје, првиот европски акредитиран психотерaписки тренинг институт во Македонија ја започнува својата приказна пред скоро 9 години. За овој период сите вклучени сертифицирани гешталт терапевти и оние кои се подготвуваат тоа да станат, сведочат за страста која постои во осознавањето на вистинскиот концепт како начин на живеење, разбирање, чувствување, размена ....**

**Личноста која е врзана за сите овие убави нешта кои се дел од Гешталт психотерпија во Македонија е Проф Д-р Емилија Стоименова Цаневска, која пред скоро 20 години ја започна соработката со Црвениот Крст во Македонија.**

**Спој на корисното и практичното, помош и поддршка за поширокото граѓанство кое денес е нападнато од сите страни и со желбата да ја најде вистинската патека Неговото Величество Умот се заплеткува во своите пајажинести мрежи, креира непријатност, вознемиреност, терор и ете ги луѓето пред нашите врати. Помош за нив, поддадена рака од наша страна. Ние сите кои сме вклучени во Психолошко Советувалиште во рамките на Црвениот Крст на град Скопје, сме во завршната година на својата едукација при Гештaлт Институтот, во редовен процес на супервизија. Нашето поле и мото на дејствување е максимална дискреција, посветеност, стручност, човечка отвореност и контакт.**

**Во психолошкото Советувалиште во рамките на Црвениот Крст на град Скопје, доаѓаат луѓе од различна возраст,степен на образование, вклучително и деца.Сите си наоѓаат свое место во советувалиште и имаат соодветен третман.**

**Во последните 18 месеци имавме 1500 работни часа, со 6 терапевти под супервизија и сега веќе во два термина Понеделник и Четврток и можност да се остварат по 10 средби. Возрасната група е од 10 до 55 години, со предоминација на женскиот пол,бидејќи мажите доаѓаат поретко, за жал имајќи отпор кон искрено и отворено искажување пред друга личност.**

**Темите најчесто се врзани за партнерските односи, проблеми во комуникација со средина како и теми (само)поддршка, (не)прифатеност, сепарација,смрт и жалење. Во тек на терапискиот процес тие добиваат можност да научат многу за себе. Почнуваат да го слушаат говорот на своето тело, стануваат мотивирани да продолжат да работат на себе и место самите да ја одредуваат дијагноза и да се заплашуваат, тие доаѓаат и често ни го носат најубавиот подарок кој може да биде даден.Тој е содржан во една ваква изјава:" Со мојот (психо)терапевт ми е убаво,тој ме разбира,ме следи,ме прашува што сакам во овој момент,понекогаш ми изгледа дека ме критикува (или конфронтира) но не знам и покрај сето тоа ми е поубаво во споредба со предходно. Некако знам и чувствувам дека ќе научам да живеам тука и сега, дека ќе бидам поддржана да бидам на тоа место, од моето минато и од тој од спроти мене. Животот ми дава една друга димензија и можност да одберам со цела свесност дека сум одговорна за она што го правам и учам многу за себе. Така растеме и на некој начин се менуваме, а со самото тоа ми се менува и квалитетот на живеење.**

**Во целиот хаос што се случува на глобално ниво, наоѓам некој мир во душата...**

**Поради анксиозноста и стравовите што ги чувствуваат нашите посетители, вредно е да се истакне дека соработката со психијатрите ни е од големо значење.**

**Сосема поинаков е нашиот ангажман од 2008 година во Пункот за бездомници Момин поток. Таму бездомните лица од Скопје добиваат соодветна грижа. Добиваат покрај другото и психолошка поддршка од колешките на Гешталт Институтот, а најново е проширување на пунктот каде што се згрижени лицата кои се болни или пуштени на домашно лекување. Следствено нивната потреба за константност, таму е ангажиран еден терапевт од Гешталт Институт, кој е присутен по четири часа неделно во Пунктот, а на бездомните лица им нуди помош во процесот на обжалување и прифаќање, топол човечки контакт, поддршка и верба.**

**Во тој контекст уште позначајно станува живеењето во Тука и Сега, низ дијалог и еден човечки Јас-Ти однос, кој е хоризонтален, во смисла дека две човечки суштества седнати еден спроти друг се тука отворени за размена на најприроден начин, кога и тој/таа и другиот/другата се добри човечки суштества, и имаат простор за развој, надминување, унапредување и подобар човечки живот, во кој светот станува сосема поинаков,животот има друга боја,мирис и нота...**

***Со љубов и почит до сите наши клиенти, соработници и колеги, Тимот терапевти под супервизија од Гешталт Институт Скопје***

**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

2011

*Година на волонтерство*

# ПРОНАЈДИ ГО ВОЛОНТЕРОТ ВО СЕБЕ




**www.skopje-redcross.org.mk**

www.redcross.org.mk